

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

## 62. ОХРИДСКО ЛЕТО



# Содржина


Говор на Претседател на Р.С. Македонија 3

Говор на Министер за култура 4

Говор на Директор на установата 5

Уметничка порака 6

Програма на 62. фестивал „Охридско лето“ 7

Музичка програма 11

Дополнителна програма 30

Драмска програма 33

Техничка подготовка 41

Маркетинг 49

Билети и посетители 45

Кон јавноста 50

Поддржувачи на културата 54

Културен туризам 56

Меѓународна дејност 58

Новогодишна програма 59

Организациона структура 60



Постои еден цитат од Франц Кафка што ја опишува најголемата човекова дилема за сопственото постоење, во којшто се вели: „Сите уметности ѝ служат на најголемата уметност - уметноста на живеење на Земјата“.
За жал, сведочиме дека во епохата на информациско-технолошки и научен развој, без преседан, наместо луѓето да бидат посигурни и посреќни, живеењето на многу места во светот се претвора во борба за власт, доминација над другите и во опседнатост со материјалното. Сведоци сме на воени конфликти, глобални здравствени закани, непочитување на човековите права и слободи, понижување на достоинството, тектонско изместување на вредностите и губење на моралниот компас.
Најтрагично е што стануваме имуни на туѓото страдање и на туѓата болка, а сочувството и солидарноста исчезнуваат од нашите животи како реликти на некое минато време. Од уметност на живеење денес дојдовме до уметност на преживување.
Прашање е како воопшто човековата цивилизација се најде во ваква безизлезност и покрај сите мрачни историски лекции и преживеани катастрофи. Меѓутоа, далеку поважно е прашањето и одговорот на него: Што е она што повторно може да го хармонизира и облагороди животот, да го врати значењето на етиката, да ја актуализира хуманоста? Одговорот го знаат сите оние коишто барем еднаш биле дел од оваа манифестација, од оваа или од другата страна на сцената. Кој друг ако не уметниците и што друго ако не креативното, духовното и убавото. Или, како што вели Андре Бретон, „поетската или уметничката прегратка, како и телесната, додека трае, попречува секаков поглед врз бедата на светот“.
Затоа, да бидеме постојано со уметноста, се разбира, не како бегство од животот, туку, напротив, како моќна алатка којашто ќе нѝ ја овозможи уметноста на живеењето.
Благодарение на најреномираната културна манифестација кај нас – фестивалот „Охридско лето“, повеќе од шест децении сме сведоци на извонредни изведби на меѓународно признати и познати уметници. Од особено значење е што на програмата на „Охридско лето“ се присутни и врвните македонски музички и театарски уметници, чиишто креации ѝ се добро познати и на домашната и на светската публика.
Конечно, по две години, во коишто пандемијата оневозможи вистинска фестивалска атмосфера и влијаеше врз фестивалската програма, „Охридско лето“ со квалитетна понуда на музички и на сценски настани се враќа на достоинствен начин, којшто и единствено му прилега. Им благодариме на уметниците што му даваат смисла на нашето постоење. Да уживаме во уметноста, во благородното и во убавото.
Со оваа мисла дозволете да го прогласам 62. издание на фестивалот „Охридско лето“ за отворено.

**Говор на свеченото отворање на 62. фестивал „Охридско лето“ на Претседател на Р.С. Македонија Стево Пендаровски**
12.07.2022

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**



Со години „Охридските лета“ се отвораа или се затвораа со фанфари и со мелодијата по Прличевите болни и тешки зборови од „Илјада и седумстотини шеесет и второ лето“. Но, и покрај „словото горко, словото жалосно“ од Цариград, ние имавме вера, имавме црква - ниту со декрет нѐ укинаа, ниту со декрет можеа да ни земат. Ја зачувавме својата црква, ја возобновивме Охридската архиепископија во ликот на Македонската православна црква, генерации и генерации со исконска љубов го чуваа и го зачувавме идентитетот македонски.
И денеска, на шеесет и второто „Охридско лето“ да кажеме - Цариград „излеа вино и елеј“ како мелем на раните кои пред двесте и шеесет години ни ги отвори. Ние ја дочекавме убавата вест, како секогаш, исправено, ние на нозе го доживеавме повторниот благослов.
И „Охридско лето“ е благослов. Создадено од стравопочитна далга на уметнички емоции преку кои се роди далековидо „големо и нешто што ќе трае“. А се роди во врвната акустика на Света Софија, преку ехото на Самуиловата тврдина, за да трае и во овој Антички театар покриен од пластови македонска историја, културно богатство чие откопување почна пред 45 години. Нема педа од македонската земја под која нема запис од цивилизациите, од вековите, од нашето минато, од нашиот историски и културен идентитет.
И „Охридско лето“ е потврда за нашиот идентитет и потврда дека сме дел од европската култура. Другото е лага. Нашиот поглед кон минатото не е за да ѝ го завртиме грбот на иднината. Не. Во нашето минато нема ништо од што би се срамеле за да мораме да го вртиме погледот од него. И нашиот јазик, и нашата музика, и нашите слики, и нашите книги, и нашите ора, и нашите куќи, и нашата кујна  сѐ е идентитет. И тоа што сме Македонци е идентитет, идентитет што го наследуваме, а од нас зависи дали ќе го надоградиме, ќе го носиме во срцето или само ќе го вртиме по потреба низ уста. Идентитет е и домашното воспитание.
Идентитет е и љубовта кон сопствената култура и уметност.
А искрената љубов кон уметноста е еднаква на фанатична љубов која никого не остава рамнодушен, особено не во овој древен град, во нашиот Охрид. И врнело и грмело, и ниту уметниците ниту публиката ги напуштале сцената и столчињата.
Такво е „Охридско лето“. Секоја година сѐ подлабоко во нашите срца, секоја година сѐ повисоко во дострелите и сѐ подалеку со добриот глас.
И се издигна „Охридско лето“ во врвен културен настан, достоен за светско внимание. Преку „Охридско лето“ се издигнуваме и ние. Секое негово издание е нов хоризонт, нова далга.
Охрид е љубов на прв поглед, а „Охридско лето“ е како првата љубов, како премиера. Зашто „Охридските лета“ немаат реприза. Исто како и годините од животот. Шеесет и две години се шеесет и две лета со „Охридско лето“. Вечно да е!
Да убедувам некого дека говорам на македонски и дека сум Македонка е исто како да ве убедувам дека вечерва сте тука, на отворањето на уште едно „Охридско лето“.
А, тука сме и добредојдени сме!

**Говор на свеченото отворање на 62. фестивал „Охридско лето“ на Министерка за култура во Владата на Р.С. Македонија Бисера Костадиновска-Стојчевска**
12.07.2022



Традицијата од 62. успешни фестивалски години остава длабоки корени во древниот Охрид, надополнувајќи ја сета негова убавина и вредност како град домаќин во кој настапиле најголемите светски и домашни уметници. Благодарение на бројните „Охридски лета“ се слави врвната уметност која цврсто ги втемелува нашите вредности во ризницата на европската и светска култура.

„Охридско лето“ е носечкиот фестивал преку кој се развива културниот туризам и се промовира културното наследство.

Повеќе од половина век сме сведоци дека културата е единствениот мост на поврзување и градење пријателство меѓу народите и промотор на националното уметничко творештво насекаде во светот.

Фестивалот „Охридско лето“ како дел од Европската Фестивалска асоцијација, под покровителство на Претседателот на државата а финансиски поддржан од Министерството за култура, ќе продолжи со успешните приказни за да го задржи епитетот на високо реномиран европски фестивал.

Одејќи по патот на богатите културни збиднувања продолжуваме да чекориме кон успешно градење на препознатливоста на оваа најпрестижна културно - сценска манифестација.

Ве уверувам дека и оваа година, на ова 62. фестивалско издание, ќе го направиме престојот на уметниците беспрекорен а сликата што ја оставаме величествена и достојна за Фестивал кој е ширум познат по културните вредности кои ги поседува. Најважно од сè ќе создадеме вредност во која ќе уживаат сите љубители на уметноста во текот на 40-те фестивалски вечери.

„Охридско лето“ ја вознесува убавината, да уживаме и во овие уметнички вечери од 12 јули до 20 август.

**Директорка на Национална установа**
**ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид**
**м-р Наташа Поповиќ**

62 ФЕСТИВАЛ 12.07-20.08.2022
ОХРИДСКО ЛЕТО
OHRID SUMMER FESTIVAL



„Почитувани љубители на уметноста и почитувачи на фестивалот „Охридско лето“, ми претставува огромна чест да ја испратам уметничката порака на овогодинешното отворање од сцената на Античкиот театар во Охрид.

Лично сум поврзан со овој фестивал повеќе од 30 години, од времето кога како дете и студент по музика, бев дел од публиката, а потоа од 2006 година, и самиот како учесник на повеќе значајни концерти и еден целовечерен рецитал.

Фестивалот „Охридско лето“ несомнено е дел од душата на секој македонски уметник. Привилегија е да се настапува на истата сцена на која настапиле имиња како хрватскиот пијанист Иво Погорелиќ, рускиот оперски баритон Дмитри Хворостовски, шпанскиот оперски тенор Хозе Карерас и многу други врвни светски имиња. Искрено, за мене како композитор и оперски пејач би било полесно да ја пратам уметничката порака во форма на соната, симфонија, опера или пак преку настап на концерт, но вечерва таа нека ги содржи зборовите кои се синоним за уметност:

љубов, радост, спокој, алтруизам, разбирање, копнеж, пожртвуваност, решителност, упорност, поддршка, инспирација, среќа, пријателства, насмевки и конечно мир во светот без кој човештвото нема иднина, како и достоинствен живот на сите луѓе.

Да живее уметноста, и уште многу години фестивал „Охридско лето.“ Благодарам.“

**Уметничка порака на свеченото отворање на 62. фестивал „Охридско лето“**
**д-р Горан Начевски**
Композитор и музички уметник
12.07.2022

62. ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО

# ПРОГРАМА

**12.07 - 20.08.2022, Охрид**

## Подиум на млади

09.07.2022 I 19:00
Црква „Св. Софија“
Богдан Дугалиќ - пијано, Србија

10.07.2022 I 19:00
Црква „Св. Софија“
Андреј Поповски- пијано, Р.С. Македонија/Данска

Камил Ел-Ахмадиех - пијано, Либан/Чешка
Сара Једличкова - виолончело, Чешка

11.07.2022 I 19:00
Црква „Св. Софија“
Камерен ансамбл
„Нонет +“
Диригент: Ангел Спироски Р.С. Македонија

## Свечено отворање на фестивалот „Охридско лето“ 2022

12.07.2022 I 21:00
Антички театар
ЧЕТИРИТЕ ТЕНОРИ, Италија
Алесандро Косентино Де Акриса - тенор
Федерико Сера - тенор
Џовани Мариа Палмиа - тенор
Уго Тарквини - тенор
Оркестар на Националната опера и балет на Р.С. Македонија
Диригент: Лоренцо Бицари, Италија



Долни Сарај - Охрид

13.07.2022 I 21:00
Центар за култура „Григор Прличев“
мала сцена
Премиера на театарската претстава
„Секс, лаги и љубомора“ од Марк Камолети
Режија: Коле Ангеловски
Продукција: Н.У. Центар за култура „Григор Прличев“ - Охрид и Народен театар Охрид, Р.С. Македонија

13.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
АнАнтонио“ пијано дуо, Словенија
Ана Јосимовска Кањацо
Антонио Кањацо

14.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Трио „Супниевски“, Полска
Каролине Супниевски - виолончело
Магдалена Супниевски - виолина
Ана Супниевски - виолина

15.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
„НОВ ЗДИВ“ Р.С. Македонија
Камерен оркестар на
Македонска филхармонија
Диригент: Паскал Галоа, Франција
Бојан Илкоски - виолина
Марија Трајковска - виолина
Илза Бафтиари - виола
Александар Лаовски - виола
Паскал Краповски - виолончело
Драган Гоневски - виолончело
Гонца Богоромова - Краповски - сопран
Игор Бакревски - кларинет
Маријана Николовска - пијано
Атанас Алексов - ударни инструменти

16.07.2022 I 21:00
Центар за култура „Григор Прличев“
мала сцена
Театарска претстава
„Демони“ од Ларс Норен
Режија: Васил Христов
Изведба: НУ Народен театар - Битола, Р.С. Македонија

17.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Ермир Абеши - виолина, Албанија
Мерита Реџа Тершана - пијано, Албанија

18.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Камерен оркестар „Профундис“ - Скопје, Р.С. Македонија
Солисти:
Анна Кондратенко - виолина
Весна Ангелова Христов - пијано
Владимир Костов - виолина
Диригент: Ѓурѓица Дашиќ

19.07.2022 I 21:00
Долни Сарај
Оркестар на операта на
Српскиот Народен Театар - Нови Сад, Србија
Марија Јелиќ - сопран, Србија
Диригент: Луис Горелик, Аргентина

20.07.2022 I 21:00
Центар за култура „Григор Прличев“
голема сцена
Театарска претстава
„Чудна случка со кучето во ноќта“
од Сајмон Стивенс
Режија: Зоја Бузалковска
Продукција: НУ Драмски театар - Скопје, Р.С. Македонија

21.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Хусеин Сермет - пијано, Турција

22.07.2022 I 21:00
Долни Сарај
Стефан Миленковиќ - виолина, Србија
„Камерата Нови Сад“, Србија
„Кармина Бурана“

23.07.2022 I 21:00
Предворје на црква „Св. Софија“
Изложба на Наташа Попоска-Карче, Р.С. Македонија

23.07.2022 I 21:00
Долни Сарај
„Животот е ...“
Кабаре на Наташа Поплавска
Р.С. Македонија

24.07.2022 I 21:00
Предворје на црква „Св. Софија“
Концерт „Монастир“, Израел
Сарах Ароесте - солист
Хелена Суша - солист
Сефедин Бајрамов - солист
Шаи Бахар - клавијатури
Шани Шавит - бас гитара
Мајан Доари - удиралки
Вевки Амедов - кларинет

24.07.2022 I 20:00
Црква „Св. Софија“
Томе Атанасов - обоа
Марија Ѓошевска - пијано
Р.С. Македонија

25.07.2022 I 22:00
Црква „Св. Софија“
Стивен Бјус - пијано, Америка

26.07.2022 I 22:00
Црква „Св. Софија“
Вечер на ЕУ
Дуо ди Прага, Чешка
Леош Чепицки - виолина
Михал Канка - виолончело

27.07.2022 I 22:00
Црква „Св. Софија“
Пијано дуо, Р.С. Македонија
Кристијан Каровски
Мими Дучева

28.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
МММ - Музичка младина на Македонија
Концерт на Камерниот оркестар на МММ
„Саша Николовски Ѓумар“
Диригент: Борјан Цанев
Р.С. Македонија

29.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Италијанска вечер
Дариа Масиеро - сопран
Андреа Кампора - пијано

30.07.2022 I 21:00
Долни Сарај
„Немаме резервна планета“
5+ Фамилија
ОХО продукција,Р.С. Македонија

30.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Француска вечер
Квартет „АГАТ“
Адриен Јуркович - виолина
Тома Декан - виолина
Рафаел Пањон - виола
Симон Јашеме - виолончело

31.07.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Весна Ѓиновска Илкова - сопран
Кристина Светиева - пијано
Гостин: Ѓорѓи  Цуцковски - солист тенор
Р.С. Македонија

01.08.2022 I 21:00
Предворје на црква „Св. Софија“
Театарска претстава
„Кротењето на опаката“ од Вилијам Шекспир
Режија: Викторија Шевченко
Изведба: Киевски академски регионален музички и драмски театар „П.К. Саксагански“ - Киев, Украина

02.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Трио „Инсендио“, Чешка
Каролина Франтишова - пијано
Филип Зајков - виолина
Вилем Петрас - виолончело

03.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Јанош Балинт - флејта, Унгарија
Владимир Милошевиќ - пијано, Србија

04.08.2022 I 21:00
Антички театар
„ЛУКСУРИЈА“
Фламенко балет - Барселона, Шпанија

05.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Квинтет „Виенска камерна симфонија“
Лаура Лози - прва виолина
Естеле Вебер - втора виолина
Џорџиа Венециано - виола
СерџоМастро - виолончело
Дамиан Посе - контрабас
Австрија

06.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Дуо гитари, Црна Гора
Горан Кривокапиќ
Данијел Церовиќ

07.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Лука Дебарг - пијано, Франција

08.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Промоција на циклус од осум книги
„Димитрије Бужаровски - творештво и време“
Факултет за музичка уметност - Скопје во соработка со НУ „Охридско лето“ - Охрид

08.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Камерен мешан хор „Св.Климент Охридски“
при соборниот храм „Св.Климент Охридски“
Скопје, Р.С. Македонија
Диригент: Панче Јосифов

09.08.2022 I 20:00
Црква „Св. Софија“
Американска вечер
Шломо Минц - соло виолина
Израел/САД

10.08.2022 I 17:00
Црква „Св. Софија“
Грчка вечер
“ΛΕΣ LYRISTEΣ”
Софија Каракута - вокал и тригином
Роза Фрагорапти - лира
Никос Ксантулис - лира варвитон

10.08.2022 I 21:00
Центар за култура „Григор Прличев“
голема сцена
Театарска претстава
“Balkan Bordello” од Јетон Незирај
Режија: Блерта Незирај
Трансатлантски театарски проект помеѓу САД, Косово и Србија,
во соработка со
Центар Мултимедија - Приштина,
Театар Ателје 212 - Белград и
Мој Балкан - Белград/Њујорк

11.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Валентина Лисица - пијано,
Украина/САД

12.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Тимоти Ридаут - виола, Велика Британија
Франк Дупре - пијано, Германија

13.08.2022 I 17:00
Црква „Св. Софија“
Концерт на учесниците на меѓународниот музички мајсторски курс под раководство на:
Тамила Гулијева - пијано, Азербејџан и
Емилио Перцан - виолина, Р.С, Македонија

13.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Ирена Јосифовска - виолончело
Александар Џермановиќ - пијано
Србија

15.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
Музички времеплов на
Андрија Минчиќ - кларинет/саксофон
Тадија Минчиќ - фагот
во соработка со
Никола Цветковиќ - пијано
Србија

15.08.2022 I 21:00
Центар за култура „Григор Прличев“
голема сцена
Театарска претстава
„Народен непријател“ од Хенрик Ибзен
Режија: Нина Николиќ
Продукција: НУ Македонски народен театар - Скопје Р.С. Македонија

16.08.2022 I 21:00
Црква Св.Софија
Simply Quartet, Кина/Норвешка/Австрија
Данфенг Шен - виолина
Антониа Ранкенсбергер - виолина
Ксианг Љу - виола
Иван Валентин Холуп Роалд - виолончело

17.08.2022 I 21:00
Долни Сарај
Театарска претстава
„Војна и мир“ од Лав Николаевич Толстој
Режија: Борис Лијешевиќ
Продукција: Народен театар, Белград, Србија

18.08.2022 I 21:00
Црква „Св. Софија“
„Стенхамар“ квартет, Шведска
Петер Олафсон - виолина
Пер Оман - виолина
Тони Бауер - виола
Матс Олофсон - виолончело

19.08.2022 I 21:00
Долни Сарај
Концерт Џамбазов
„Музиката на Александар Џамбазов“
Диригент: Љупчо Мирковски
Солисти:
Бобан Мирковски - пијано
Наде Талевска - сопран
Ѓорѓи Цуцковски - тенор
Р.С. Македонија

20.08.2022 I 21:00
Антички театар
Свечено затворање на фестивалот
Театарска претстава
„Вујко Вања“ од Антон Павлович Чехов
Режија: Егон Савин
Продукција: Југословенски драмски театар - Белград, Србија



# ЗА МУЗИЧКАТА ПРОГРАМА

„Изминатите две години не беа воопшто лесни за уметниците во светот, посебно за музичките уметници. Среќна сум што после подолго време се враќаме на вообичаеното функционирање на музичката сцена. Мојата замисла за музичкиот дел на програмата на фестивалот за годинава, е разнолика програма која би опфатила повеќе жанрови. Вклучив состави и уметници кои донесуваат новитети во музичкото дејствување во Македонија. Идејата е да се опфатат сите возрасти и вкусови на публиката, но и да се следи чекорот на светските фестивалски трендови.“

**Музички селектор на 62. фестивал „Охридско лето“**
**м-р Бисера Чадловска** *диригент*


Богдан Дугалиќ - пијано, Србија


Андреј Поповски- пијано, Р.С.Македонија/Данска


Камил Ел-Ахмадиех - пијано, Либан/Чешка, Сара Једличкова - виолончело, Чешка

## ПОДИУМ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ

Како предвесник на шеесет и второто издание на фестивалот „Охридско лето“, на 9-ти, 10-ти и 11-ти јули во црквата „Света Софија“ се одржа **„Подиумот на млади уметници“**. „Подиумот на млади уметници“ е востановен пред повеќе од 50 години. Секоја година носи млади и исклучително талентирани уметници од Р.С. Македонија, како и од земји ширум целиот свет. Идеен творец и организатор на овој проект е Музичката Младина на Македонија.

Во концертниот подиум на млади настапија младите уметници:
Богдан Дугалиќ од Србија, кој е студент по пијано на престижниот Универзитет „Моцартеум“ во Салцбург; Андреј Поповски од Македонија, кој е роден и живее во Данска. Поповски од минатата година посетува пред-конзерваториумска настава за специјално талентирани млади музичари, а во два наврати ја освојува и првата награда на натпреварот „Пијанисти на северот“; младите музички надежи, либанско-чешкиот пијанист Камил Ел-Ахмадиех и чешката виолинистка Сара Једличкова; и македонскиот камерен ансамбл „Нонет +“ под диригентската палка на Андреј Спироски.


Камерен ансамбл „Нонет +“, Диригент: Ангел Спироски Р.С.Македонија



# СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ 62. ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛ „ОХРИДСКО ЛЕТО“

**ЧЕТИРИТЕ ТЕНОРИ, Италија**

Алесандро Косентино Де Акриса - тенор, Федерико Сера - тенор, Џовани Мариа Палмиа - тенор, Уго Тарквини - тенор
**Оркестар на Националната опера и балет на Р.С.Македонија**
Диригент: **Лоренцо Бицари, Италија**

12-ти јули 2022 година, 21:00 часот Антички театар

Embassy of Italy
Skopje






# ЧЕТИРИТЕ ТЕНОРИ

Оперска сцена со Вердиева маестрална увертира од операта „Моќ на судбината“, ариите “Il lamento di Federico“ од операта „Арлезијанка“ од Франческо Чилеа, “Una fortiva lagrima“ од „Љубовен напиток“ на Доницети, Вердиевата безвременска “La donna e mobile“, “Nesun dorma“, од Џакомо Пучини, разигран забавен мјузикл со песните “La Spagnola“, “Granada“, “Volare“, “Mama“, “Torna a Suriento“, неизоставната “O Sole mio” шеговитата наполитанска тарантела од Луиџи Денца “Finiculi, Finicula”.





КОН СВЕЧЕНИОТ КОНЦЕРТ ЗА ОТВОРАЊЕТО НА ШЕЕСЕТ И ВТОРОТО „ОХРИДСКО ЛЕТО“

## РАДОСЕН КОНЦЕРТ НА ПОЛНА МЕСЕЧИНА

Во богатата историја на „Охридско лето“, запишани се врвни имиња од светски уметници што биле дел од програмите на свечените отворања и концертите на фестивалот. Присуството на артисти од сферата на вокалната уметност, реномирани оперски уметници, пејачи од целиот свет, ја збогатуваат разноликата физиономија на најзначајната музичко-сценска манифестација во Македонија. Несомнено, енергијата на Ана Липша Тофовиќ, која во 1961 година го вдахна духот на фестивалот, се пренесува низ бројните „Охридски лета“ и ја води новата публика во очекување неоткриени оперски ѕвезди од сите меридијани. Елена Обрасцова, Хозе Карерас, Џеси Норман, Дмитри Хворостовски, Елина Гаранча, се само дел од оние кои со својот глас ги облагородија магичните сцени на Античкиот театар и црквата „Св. Софија“ во Охрид. Уметниците доаѓаат во Охрид, ја даруваат публиката со своите интерпретации, но во исто време се напојуваат со уникатната убавина на нашиот бисер која инспирира и создава желба за повторно доаѓање.

Годинешново шеесет и второ „Охридско лето“, според востановенета традиција, на дванаесетти јули, на Петровден, започна со концерт на младите, но веќе афирмирани „Четирите италијански тенори“, Оркестарот на Националната опера и балет од Скопје и диригентот Лоренцо Бицари од Италија. Првиот поглед кон програмата нè насочува дека овојпат уметничко-организациското раководство на „Охридско лето“ се определи за еден лежерен концепт што ќе допре до широк слушателски аудиториум и барем за миг ќе внесе ведрина и оптимизам кај повеќе илјадната публика во Античкиот театар. Без сомнение „Четирите италијански тенори“ ќе ги вброиме во големата низа следбеници на славните Паварoти, Доминго и Карерас. Тие легендарни уметници, во деведесеттите години на минатиот век, „на голема врата“ на светот му донесоа едно ново толкување на оперската уметност. Тоа беше тенденција да се „изнесе“ операта од тесниот круг на старите европски театри, да ѝ се вдахне здивот на популарната музика преку познати забавни мелодии и на тој начин да се создаде една нова уметничка форма која наликува на ултра популарните мјузикли од Њујоршкиот „Бродвеј“, или пак шармантните “medley“ што ги приредуваат “fancy” пејачите на фестивалот Сан Ремо.



Алесандро Косентино Де Акриса - тенор



Диригент: Лоренцо Бицари, Италија

Младите „Четири италијански тенори“, што ги слушнавме на годинешново отворање на „Охридско лето“ нескриено чекорат по тој пат. Следејќи ги нивните солистички и заеднички настапи како на оперските сцени така и на Гала концертите, како и настапот на „Охридско лето“, ќе забележиме дека тие приредуваат „перформанси“ исполнети со многу емоции и отворена желба да ја анимираат публиката, да внесат доза на хумор, допадливост и шарм во изведбата.
Популарните арии, публиката ги запеа заедно со италијанските тенори, со видно задоволство, а ги слушнавме во изворно толкување. Интерпретација беше целосен одраз на италијанско „бел канто“ пеење што обединува пред сѐ интонативна стабилност, нагласен романтичарски артизам и изразит вроден музикалитет. Секој од нив поседува одредена гласовна специфика и одлична вокална техника, па така нивниот настап поседува автентична енергија и интензитет. Кај Алесандро ди Акриса тоа е висока и светла тенорска боја, Федерико Сера е лирски тенор со кадифен, нежен вокал особено допадлив во делниците во пијанисимо, Џовани Марија Палмиа ја плени публиката со нагласено страствено пеење, а Уго Тарквини со моќен вокал. Популарните солистички арии и песни ги изедоа во одлични аранжмани за дуети, триа и квартет, што Античкиот театар го исполни со волуминозен звучен набој.

Посебна ѕвезда на вечерта беше диригентот Лоренцо Бицари кој со својот шарм, изразит музикалитет, но и со одличен сенс и познавање на музичката материја, оствари одлична синергија со музичарите во Оркестарот на Националната Опера и Балет, па така целиот ансамбл звучеше компактно, енергично и полетно.

Уметниците на сцената остварувајќи меѓусебна поврзаност, успеаја да ѝ пренесат силна радосна енергија на публиката. Ноќта со полна месечина во позадина беше уште еден магичен декор. Овој концерт го одбележуваме и како важен културен настан од кој беа упатени пораки за мир, за хуманата димензија на музичката уметност што му дава насушен смисол на животот, но и потсетување на обележјата на македонскиот национален идентитет. Зашто „Охридско лето“ е наш уникатен македонски подиум на кој се вкрстуваат уметнички креации на творци од целиот свет.

м-р Викица Костоска-Пенева
музиколог

Во црква „Св.Софија“, се одржаа концертите на врвни светски и домашни пијанисти.

На 21-ви јули настапи турскиот виртуоз, пијанист Хусеин Сермет претставувајќи се со дела од Бах, Бетовен и Лист. Сермет го отсликуваат разновидни музички интереси и исклучителна музичка визија, со повеќе од четиридецениска кариера. Посетителите го наградија со бурни овации и бисеви. На 25-ти јули се одржа концерт на пијанистот Стивен Бјус, уметник поддржан од компанијата „Стенвеј“ и предавач на Универзитетот „Бригам Јанг“. Критиката за него вели дека е „неверојатно оригинален уметник со уникатен изведувачки пристап“, што всушност се потврди и на концертот на фестивалот „Охридско лето“. Беспрекорното музицирање на младиот но исклучително талентиран француски пијанист Лука Дебарг на 7-ми август резултираше со бурни и стоечки овации и неколку бисеви, а младиот уметник возврати на оддадената почит со изведба на дела од класичниот репертоар во траење од над два часа. По завршувањето на концертот, делеше автограми на публиката која чекаше во ред за да му се заблагодари. На фестивалот на 11-ти август настапи и украинско-американска пијанистка Валентина Лисица, првиот класичен уметник кој успеал својот интернет успех да го претвори во глобална концертна кариера во некои од водечките концертни сали во Европа, САД, Јужна Америка и Азија.
На 13-ти јули во црквата „Св.Софија“ со камерен концерт за две пијана, Ана Јосимовска Кањацо и Антонио Кањацо, уметнички пар од Словенија, покажаа истенчена, префинета естетика на свирење пијано. Кристијан Каровски заедно со неговата колешка и студентка Мими Дучева, на 27-ми јули го покажаа својот извонреден талент на четирирачно пијано.


Стивен Бјус - пијано, Америка


Валентина Лисица - пијано, Украина/САД


АнАнтонио“ пијано дуо, Словенија, Ана Јосимовска Кањацо иАнтонио Кањацо


Лука Дебарг - пијано, Франција


Хусејин Сермет - пијано, Турција


Пијано дуо, Р.С.Македонија, Кристијан Каровски, Мими Дучева



АнАнтонио“ пијано дуо, Словенија, Ана Јосимовска Кањацо

Двајцата албански уметници, виолинистот Ермир Абеши и пијанистката Мерита Реџа Тершана, на 17-ти јули оставија впечаток на силни творечки индивидуи споени во хармоничен склад. Обоистот Томе Атанасов и пијанистката Марија Ѓошевска, солистички докажани и потврдени на домашната и меѓународната концертна сцена, својата соработка (започната претходно, во други камерни состави) за првпат како дуо ја презентираа со концерт на овогодинешното фестивалско издание на 24-ти јули. Триото „Инсендио“ од Република Чешка, сочинето од младите уметници пијанистот Каролина Франтишова, виолинистот Филип Зајков и виолончелистот Вилем Петрас, приредија музичко доживување во кое младешкиот елан, засилен со исклучителна професионалност, го оплемени концертниот простор на фестивалот „Охридско лето“ на 2-ри август. На 3-ти август се одржа уште една фестивалска вечер на „Охридско лето“ што долго ќе ја памети публиката, концерт на унгарскиот флејтист Јанош Балинт и српскиот пијанист Владимир Милошевиќ кои покажаа емотивна префинетост, но и непоколеблива одлучност во делниците во фортисимо, со внимателно одбран репертоар.

Германскиот пијанист Франк Дупре иако млад, воодушеви со неговата музичка зрелост, рафинирана техника и можност да создаде широк спектар на бои од пијаното заедно со младиот уметник со светско реноме, виолистот Тимоти Ридаут од Велика Британија, на 12-ти август во црквата „Св.Софија“.

На 13-ти август, младите уметници од Србија, виолончелистката Ирена Јосиофоска и пијанистот Александар Џермановиќ приредија музичка убавина со префинето мајсторство врз своите инструменти. На 15-ти август настапувајќи на подиумот во акустичната катедрала „Света Софија“, српските уметници Андрија Минчиќ на кларинет, Тадија Минчиќ на фагот и Никола Цветковиќ на пијано приредија музички времеплов со дела од различни епохи.


Ирена Јосифовска - виолончело, Александар Џермановиќ - пијано, Србија


Томе Атанасов - обоа, Марија Ѓошевска - пијано, Р.С.Македонија


Тимоти Ридаут - виола, Велика Британија
Франк Дупре - пијано, Германија


Трио „Инсендио“, Чешка
Каролина Франтишова - пијано, Филип Зајков - виолина, Вилем Петрас - виолончело


Јанош Балинт - флејта, Унгарија
Владимир Милошевиќ -пијано, Србија


Ермир Абеши - виолина,
Мерита Реџа Тершана - пијано, Албанија


Музички времеплов на
Андрија Минчиќ - кларинет/саксофон
Тадија Минчиќ - фагот
во соработка со Никола Цветковиќ – пијано
Србија



Камерен мешан хор „Св.Климент Охридски при соборниот храм „Св.Климент Охридски“ Скопје,
Р.С.Македонија Солисти: Биљана Јосифов - сопран, Лидија Пшенко - алт,
Дејан Стоев - тенор, Невен Силјановски -бас-баритон
Диригент: Панче Јосифов



Дуо гитари, Црна Гора
Горан Кривокапиќ
Данијел Церовиќ



Весна Ѓиновска Илкова - сопран, Кристина Светиева - пијано
Гостин: Ѓорѓи Цуцковски - солист тенор
Р.С.Македонија

Во прекрасниот и акустичен амбиент на црквата „Света Софија“ на 31-ви јули моќно одекнаа гласовите на познатата оперска певица Весна Ѓиновска-Илкова и на тенорот Ѓорѓи Цуцковски кои настапија во пијано придружба на една од најталентираните македонски млади пијанисти, Кристина Светиева. Двајцата извонредни оперски пејачи со восхитувачка емотивна интерпретација изведоа дела од германски, италијански, француски и руски композитори. Извонредниот македонски тенор Ѓорѓи Цуцковски се претстави со соло песна од Рахмањинов, една оперска арија, а со Ѓиновска Илкова отпеаја дует од претставата „Кавалерија Рустикана“, претстава којашто е нивни заеднички оперски фах и често ја исполнуваат заедно.

Црногорските гитаристи Горан Кривокапиќ и Данијел Церовиќ се двајца исклучително афирмирани уметници со богати солистички кариери и забележителна педагошка дејност во повеќе европски музички центри. А рециталскиот настап на „Охридско лето“ на 6-ти август во исполнета црква „Св.Софија“ ни го претстави дуото и како изразито усогласен камерен ансамбл што зад себе има впечатливо концертно искуство.

На големиот христијански празник Свети Климент Охридски, на 8-ми август се одржа концерт на камерниот мешан хор „Свети Климент Охридски“, под диригентство на маестро Панче Јосифов.
Овој музички настан има повеќезначно случување со еднаква важност во сферата на уметноста, но и за духовноста како дел од нашата вековна православна традиција. Несомнено, токму изведбата на уметнички дела од македонски и светски автори, блиски до православното црковно пеење какви што имавме чест да слушнеме на концертот на хорот „Св. Климент Охридски“ е достоинствена манифестација за оддавање вредна почит кон патронот на Македонската православна црква и заштитникот на градот Охрид, Св. Климент Охридски. Делата на Св. Климент Охридски имаат хумана, образовна, филолошка и над сè духовна димензија, па во таа смисла, за македонскиот народ се од непроценлива културолошка вредност. Освен тоа, да се исполни акустичниот простор на црквата Св. Софија со благороден звук на црковен хор е најсоодветен начин да се покаже посебен респект кон овој наш древен духовен храм, што веќе шеесет и две лета е дом за музичките уметници од целиот свет.


Simply Quartet, Кина/Норвешка/Австрија
Данфенг Шен-виолина, Антониа Ранкенсбергер-виолина,
Ксианг Лју-виола, Иван Валентин Холуп Роалд-виолончело


„Стенхамар" квартет, Шведска
Петер Олафсон-виолина, Пер Оман-виолина, Тони Бауер-виола, Матс Олофсон-виолочело

На фестивалот на 15-ти јули настапи „Нов здив", камерен ансамбл под раководство на француксиот диригент Паскал Галоа, што од неодамна делува при Филхармонијата на Р.С. Македонија и го сочинуваат членови на оркестарот. Извонреден концерт приреди еден од најперспективните квартети од новата генерација „Simply quartet" кој на 16-ти август ја потврди одличната репутација на светската камерна музичка сцена. Во овој релативно млад, интернационален ансамбл членуваат музичари од Кина, Норвешка и Австрија, Данфенг Шен - виолина, Антониа Ранкенсбергер - виолина, Ксианг Лју - виола и Иван Валентин Холуп Роалд - виолончело. На 17-ти јули настапи „Профундис", гудачки камерен оркестар составен од одлични инструменталисти на Филхармонијата и Националната опера и балет. Ансамблот „Профундис" веќе три години го раководи младата маестра Ѓурѓица Дашиќ. На 18-ти август настапи на фестивалот „Охридско лето" шведскиот квартет „Стенхамар". Виолинистите Петер Олафсон и Пер Оман, виолистот Тони Бауер и виолончелистот Матс Олофсон низ годините се профилира како еден од најинтересните и многу респектирани квартети во Скандинавија. Нивното енергично, а истовремено технички рафинирано музицирање придонесува тие редовно да бидат присутни на фестивали за камерна музика. Веќе 36 години по ред, завршниот концерт на летната сесија на Камерниот оркестар на Музичката младина на Македонија (од 2018 година именуван по диригентот Саша Николовски-Ѓумар), е дел од фестивалската програма на „Охридско лето" со максималната исполнетост на гледалиштето во просторот на црковниот храм „Света Софија", каде младите музичари, со неверојатен ентузијазам, полет и отворено манифестирана страст, повеќе од еден час, на 28-ми јули, под диригентската палка на маестро Борјан Цанев, го владееја звучниот простор и креираа уметност. Квинтетот „Виенска камерна симфонија" остави силен впечаток кај публиката со својот концерт што го одржа на 5-ти август на „Охридско лето". Талентираните млади музичари кои живеат и работат во австриската престолнина Виена создадоа прекрасен амбиент во катедралната црква „Света Софија". Виолинистките Лаура Лози и Естеле Вебер, виолистот Џорџија Венецијано, виолончелистот Серџо Мастро и контрабасот Дамиан Посе, уште еднаш ја потврдија својата уникатност во музицирањето со која ги освојуваат европските и светските сцени.




МММ - Музичка младина на Македонија
Концерт на Камерниот оркестар на МММ „Саша Николовски Ѓумар"
Диригент: Борјан Цанев, Р.С. Македонија


Квинтет „Виенска камерна симфонија" Австрија
Лаура Лози - прва виолина, Естеле Вебер - втора виолина
Џорџиа Венециано – виола, СерџоМастро – виолончело, Дамиан Посе - контрабас


„НОВ ЗДИВ" Р.С. Македонија Камерен оркестар на
Македонска филхармонија Диригент: Паскал Галоа, Франција



Камерен оркестар „Профундис“ - Скопје, Р.С.Македонија
Солисти:Анна Кондратенко - виолина
Весна Ангелова Христов - пијано
Владимир Костов - виолина
Диригент: Ѓурѓица Дашиќ

Извонредниот глас на сопранот Марија Јелиќ од Србија одекна на сцената „Долни Сарај“ на 19-ти јули, а прекрасниот амбиент беше надополнет со врвните музичари од Оркестарот на Операта на Српскиот народен театар од Нови Сад, Србија раководени од аргентинскиот диригент Луис Горелик.

Композиции посветени на големиот македонски композитор и диригент Александар Џамбазов во изведба на сопранот Наде Талевска, тенорот Ѓорѓи Цуцковски и пијанистот Бобан Мирковски, а во придружба на Ревискиот оркестар на маестро Љупчо Мирковски беа изведени на сцената „Долни Сарај“ на 19-ти август. Диригент на вечерта беше познатиот македонски уметник Љупчо Мирковски.
„Кога е Џамбазов во прашање, јас сум навикнат да свирам, а тој да диригира, но за жал овојпат е поинаку. Отсвиривме неколку негови композиции што ги направил  во текот на животот, од различни жанрови. Сакавме да направиме едно сеќавање на маестро Џамбазов кој остави многу песни и беше еден од најважните луѓе во светот на музиката кај нас и мислам дека  заслужи на еден ваков фестивал да има своја вечер.“ диригент Љупчо Мирковски.

Рапсодија за Скопје, Љубов неверна, Охрид, Охрид, Гитаро Моја, Да нема разделби, Охрид и јас…. беа само дел од композициите на репертоарот создадени токму од маестро Џамбазов. Александар Џамбазов кој припаѓа на четвртата генерација повоени композитори, зад себе како диригент и композитор остави богат творечки опус.



Оркестар на операта на Српскиот Народен Театар - Нови Сад, Србија
Марија Јелиќ - сопран, Србија, Диригент: Луис Горелик, Аргентина



## ЗА **МУЗИЧКАТА** ПРОГРАМА

Концерт Џамбазов „Музиката на Александар Џамбазов“ Р.С. Македонија
Диригент: Љупчо Мирковски
Солисти:
Бобан Мирковски - пијано
Наде Талевска - сопран
Ѓорѓи Цуцковски - тенор







# ТРАДИЦИОНАЛНИ ВЕЧЕРИ НА ФЕСТИВАЛОТ



Почесен конзулант на Република Полска во Охрид,Република Македонија

Трио „Супниевски“, Полска
Каролине Супниевски, виолончело
Магдалена Супниевски, виолина
Ана Супниевски, виолина

**ПОЛСКА ВЕЧЕР**

14.07.2022
Црква Св.Софија



АМБАСАДА РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ
АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА
EMBASSY OF THE REPUBLIC OF SERBIA

Стефан Миленковиќ, виолина, Србија
„Камерата Нови Сад“, Србија
„Кармина Бурана“

**СРПСКА ВЕЧЕР**

22.07.2022
Долни Сарај



EU with YOU

European Union

Дуо ди Прага, Чешка
Леош Чепицки, виолина
Михал Канка, виолончело

**ВЕЧЕР НА ЕВРОПСКА УНИЈА**

26.07.2022
Црква Св. Софија



Embassy of Italy
Skopje

Дариа Масиеро , сопран
Андреа Кампора, Пијано
Италија

**ИТАЛИЈАНСКА ВЕЧЕР**

29.07.2022
Црква Св.Софија

# ТРАДИЦИОНАЛНИ ВЕЧЕРИ НА ФЕСТИВАЛОТ



Квартет „АГАТ“ Франција
Адриен Јуркович, виолина
Тома Декан, виолина
Рафаел Пањон, виола
Симон Јашеме, виолончело

**ФРАНЦУСКА ВЕЧЕР**

30.07.2022
Црква Св. Софија



„ЛУКСУРИЈА“
Фламенко балет
Барселона,
Шпанија

**ШПАНСКА ВЕЧЕР**

04.08.2022
Црква Св. Софија



Шломо Минц,
соло виолина
Израел/САД

**АМЕРИКАНСКА ВЕЧЕР**

09.08.2022
Црква Св. Софија



“LEΣ LYRISTEΣ”
Софија Каракута,
вокал и тригином
Роза Фрагорапти,
лира
Никос Ксантулис,
лира варвитон

**ГРЧКА ВЕЧЕР**

10.08.2022
Црква Св. Софија

# ТРАДИЦИОНАЛНИ ВЕЧЕРИ НА ФЕСТИВАЛОТ ВО СОРАБОТКА СО ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА







в.д Амбасадор на САД во земјава, Н.Е. Ерик Мејер „Пресреќни сме поради нашето учество на овој фестивал. Како дипломати тука во Р.С Македонија, би сакал да потенцирам дека културната дипломатија ги надминува сите јазични и културни бариери.“

Амбасадорите на Франција и на Италија заедно ги отворија италијанската и француската вечер на 62. фестивал „Охридско лето“. Заедничкото претставување на двете вечери произлегува од желбата да се одбележи потпишувањето на договорот од Квиринал и историскиот развој на односите помеѓу Италија и Франција. Италијанскиот амбасадор Н.Е. Андреа Силвестри „Како Амбасадор на Италија дозволете ми да ве уверам уште еднаш дека ќе продолжиме да ги зајакнуваме веќе одличните културни врски меѓу нашите две земји и во секое можно поле на културната соработка и поконкретно со прекрасниот УНЕСКО град Охрид.“ Францускиот амбасадор Н.Е. Сирил Бомгартнер „Би сакал да и заблагодарам на Госпоѓата Наташа Поповиќ, директорка на Фестивалот „Охридско лето“, која што предлага секоја година програма со многу голем квалитет, посебно со италијанската и француската вечер што ние ги поддржуваме и кои воедно претставуваат привилегирана можност да се откријат нови таленти на класичната музика од нашите две земји.“

Шпански амбасадор, Н.Е. Хозе Луис Лозано Гарсија „Амбасадата на Шпанија е спремна да продолжи со зајакнување на одличните односи со оваа пријателска земја Македонија, зајакнување на културните односи меѓу нашите две земји, и поконкретно со прекрасниот град Охрид, со цел да ги претстави шпанските музички уметници на овој престижен фестивал и во неспоредливиот амбиент на Охрид, средина класифицирана од УНЕСКО како заедничко наследство на човештвото. Чест е за Амбасадата на Шпанија да биде дел на овој меѓународен фестивал.“

Евроамбасадорот Н.Е. Дејвид Гир и амбасадорот на Чешка во земјава, Н.Е. Јарлослав Лудва беа домаќини на Европската вечер. „Ова е долга традиција што ги собира на едно место уметниците од цела ЕУ заедно со македонската публика и македонските уметници, и уметниците од Западен Балкан“. евроамбасадорот Н.Е. Дејвид Гир

Српската вечер на „Охридско лето“, на која присуствуваше амбасадорката на Србија, Н.Е. Невена Јовановиќ, ја отвори министерот за надворешни работи на Република Србија, Н.Е. Никола Селаковиќ. „Охридско лето“ е празник на културата. Чест и задоволство ми е да ве поздравам во името на Владата на Република Србија и министерството за надворешни работи. Остануваме посветени на меѓусебната соработка.“









„ЛУКСУРИА"
Фламенко балет – Барселона, Шпанија

# 62
## 1961-2022

Четвртиот ден во август, традиционално, фестивалот „Охридско лето" го одбележува својот роденден - 62.ро издание на фестивалот „Охридско лето". Неодминливо, со сета почит, тој ден, особено се чествуваат ликот и делото на оперската уметница алтот Ана Липша-Тофовиќ и нејзиниот историски концерт со пијанистот Ладислав Пердлик, тој, 4. август 1961 година, во вонвременската убавина на охридската црква „Света Софија", со кој всушност и започнува долгата и богата шестдецениска фестивалска одисеја. Оттогаш, па наваму, сѐ до денес, „Охридско лето" не само што поставува организиран систем на летни музичко-сценски настани кои му даваат сјај и убавина на Охридското Езеро, туку прераснува во моќен двигател на бројни културни процеси и дострели во државава, кои ја вбројуваат во светските анали.

Како и секоја година, културниот настан со кој се одбележува роденденот, е издигнат на највисоко ниво. Настапот на фламенко балетот „Луксурија" од Шпанија, во моментов, една од најспектакуларните фламенко продукции во светот, несомнено предизвика големо внимание кое беше преточено во преполниот аудиториум на Античкиот театар сместен среде срцевината на охридската магија.

Директорката Наташа Поповиќ, истакнувајќи ја почитта кон сите кои ги вложија своите капацитети во градењето на „Охридско лето", ја испрати пораката за слава на уметноста и годините испишани со богата историја и имиња од светската музичка и театарска елита. Во знакот на зајакнување на културните односи помеѓу Кралството Шпанија и Р.С. Македонија, пред самиот почеток на концертот, свое обраќање имаше и шпанскиот амбасадор Хозе Луис Лозано Гарсија.

РОДЕНДЕНСКИ КОНЦЕРТ

# ЛУКСУРИЈА

Она што го видовме на сцената на Античкиот театар, во една сумирана размисла, може да се опише како раскошна палета на суштински емоции, прикажани преку музичко-сценскиот перформанс. Вештите танчери, го прикажаа целото богатство на телесниот израз, чувствителноста и длабочината на движењата, чиј визуелен впечаток беше збогатен со раскошна костимографија.
Музичката подлошка на „Луксурија" пак, во себе содржеше две екстремни крајности - традиционалниот и модерниот пристап, спакувани во едно богато соединение во кое се испреплетуваат конвенционалната фламенко музика, класиката и џез елементите. Музичкиот состав (машки вокал, гитара, удиралки, флејта, саксофон и пијано), беше рамноправен партнер на танцот, градејќи ја звучната атмосфера, но излегувајќи повремено и во преден план, со виртуозните и богато накитени интерлудии, одржувајќи го континуитетот во текот на сценската и костимографска промена на сликите.
Уметничките, кулминативни пикови, недвосмислено можеме да ги лоцираме во перформансите на машкиот солист танчер, на вокалниот изведувач и на пијанистот. Танчерот Давид Гутјерез, воедно и кореограф на овој спектакуларен перформанс, претставуваше центар на танцовото дејствие, создавајќи импресивни креации со своите мајсторски солирања. Со лесните, филигрански нижени чекори, успевајќи да оформи палета од бујна ритмика и динамика, предизвика вистинска сензација, често воспоставувајќи интеракција со публиката, која вдахновено реагираше на неговите импулси. Вокалот на Алберт Касес, кој таа вечер го реализира својот премиерен настап со овој состав, исто така беше една од најмаркантните појави на целиот перформанс. Од инструменталната придружба на прикажаната „Лукреција" пак, со виртуозно впечатлив настап, се издвои пијанистот Алехандро Мартинез, кој во еден од интерлудиите, ја импресионираше публиката изведувајќи своја авторска композиција, натопена со колористичко наслојување на линиите, богатство од акордски комплекси и фигурациски преобразувања.

д-р Александар Трајковски
музички теоретичар, истражувач, педагог и публицист

04. август



„ЛУКСУРИА"
Фламенко балет – Барселона, Шпанија



„ЛУКСУРИА“
Фламенко балет – Барселона, Шпанија



**„СЛИКАМ СО ТЕБЕ“**

23.07.2022
Предворје на црква Св.Софија



ИЗЛОЖБА (масло на платно)

# СЛИКАМ СО ТЕБЕ

ПРИКАЗНА ОД ДУШАТА

Д-Р НАТАША ПОПОСКА – КАРЧЕ

„Сликам со тебе“ е приказна од душата, компилација од дела што одликуваат четири базични емоции: среќа, љубов, тага и радост. Уметноста може да нѝ го открие светот на возвишени чувства, мисли и страсти. Да можев да ѝ завртам грб на секоја моја мисла која демне и чека да ја обојам, тогаш не би настанале овие дела. Преточени во боја, навидум реални, но истовремено и имагинарни композиции, секое носи своја приказна од морето на животот и остава свој печат во вечноста.





**„ЖИВОТОТ Е ...“**

23.07.2022
Долни Сарај




„Животот е ...“
Кабаре на Наташа Поплавска
Режија и сценска визуелизација: Наташа Пополавска
Р.С.Македонија



**„МОНАСТИР“**

24.07.2022
Предворје на црква „Св.Софија“



Концерт „Монастир“,Израел
Сарах Ароесте - солист, Хелена Суша - солист,
Сефедин Бајрамов - солист, Шаи Бахар - клавијатури,
Шани Шавит - бас гитара, Мајан Доари - удиралки,
Вевки Амедов - кларинет



**ДИМИТРИЈЕ БУЖАРОВСКИ**
творештво и време

08.08.2022
Долни Сарај



Факултет за музичка уметност - Скопје во соработка со
НУ „Охридско лето“ - Охрид
Промоција на циклус од осум книги
„Димитрије Бужаровски - творештво и време“



**ЗАВРШЕН КОНЦЕРТ**
инетернационален семинар

13.08.2022
Црква „Св. Софија“



Концерт на учесниците на меѓународниот музички
мајсторски курс под раководство на:
Тамила Гулијева - пијано и
Емилио Перцан - виолина

## ЗА **ДРАМСКАТА** ПРОГРАМА

Шеесет и второто издание на фестивалот „Охридско Лето“ донесе претстави и театри кои македонската публика немала прилика да ги види, а кои отскокнуваат со својот квалитет, форма, актуелност и наратив. Последните театарски продукции на домашните и странските театарски куќи, на фестивалот остварија високи уметнички амбиции кои НУ „Охридско лето“ Охрид ги поставува како принцип.

Селектираните претстави емотивно комуницираа со публиката, отсликувајќи го сето она што сè случува во и околу нас. Овогодинешната програма беше селектирана по принципот на глобална важност, на проблемите кои ги живееме, кои нè допираат, кои нè образуваат, нè уништуваат, нè прават среќни, нетрпеливи. За време на фестивалот беа прикажани рекордни десет театарски претстави кои визуелно прикажа различни светови, различни приказни, различни сценски јазици. За првпат, доминанти во програмата беа жени режисерки. Шест режисерки и четворица режисери со своите претстави дадоа печат на ова фестивалско издание. Вкупно 10 претстави од кои шест домашни и четири странски претстави кои публиката имаше прилика да ги погледне. Претставите се одвиваа на четири локации, во центарот за култура „Григор Прличев”, предворјето на црквата „Св. Софија“, на сцената на Долни Сарај и Античкиот театар во Охрид.

Фестивалот „Охридко лето“ во својата шеесет и втора година од животот, имаше богата, квалитетна и значајна театарска програма за што говорат посетеноста, впечатоците на публиките и театарските независни рецензии. Големиот интерес за театарски претстави е потврда дека фестивалот негува високи уметнички вредности и е поттик во своите следни изданија во програмата да бидат поприсутни уште позначајни, ексклузивни и спектакуларни претстави од дома, Европа и светот.

**Драмски селектор на 62. фестивал „Охридско лето“**
**Сања Арсовска** *театарска, филмска и телевизиска глумица*





На 13-ти јули на малата сцена во центарот за култура „Григор Прличев“ со премиерата на театарската претстава „**Секс, лаги и љубомора**” на **Народен театар - Охрид**, се отвори театарската програма на 62-рото издание на фестивалот „Охридско лето“. Комедија напишата од Марк Камолети, а режирана од Коле Ангеловски кој во театарската заедница е прифатен како мајстор за комедии на ситуации, на публиката им овозможи двочасовно уживање во откривањето на интригите и отсликувањето на машко-женските односи во нашето општество.



На 15-ти јули во полна сцена во центарот за култура „Григор Прличев” настапи **НУ Народен Театар - Битола** со претставата „**Демони**“ од Ларс Норен, режирана од Васил Христов. Претстава која со моќен и длабок психолошки дискурс ги соголи тајните на два брачни парови, откривајќи ги демоните во нив. Со едноставна сценографија и амфитеатарски принцип на гледалиште, публиката дишеше во склад со извонредната игра на актерите.



На 20-ти јули публиката имаше можност да присуствува на невообичаено добар театарски настан, овозможен од актерската екипа од **НУ Драмски театар - Скопје** во големата сцена во центарот за култура „Григор Прличев“. Претставата „**Чудна случка со кучето во ноќта**” според романот на Марк Хадон, во адаптација на Сајмон Стивенс, а во режија на Зоја Бузалковска предизвика големо воодушевување кај публиката, актерскиот силен погон и функционалната сценографија придонесоа светот на аутистичното дете Кристофер да допре до секој гледач, а за овој фестивалски повод, претставата доби и две независни театарски рецензии..

# „ЧУДНА СЛУЧКА СО КУЧЕТО ВО НОЌТА“: ДЕТЕКТИВСКА ПРИКАЗНА СО БРЕХТОВСКИ ШМЕК

Драмскиот текст „Чудна случка со кучето во ноќта“ (The Curious Incident of the Dog in the Night-Time) од Сајмон Стивенс - адаптација на истоимениот роман на Марк Хадон од 2003 година, кој во изминативе две децении стекна голема популарност и доби 17 престижни награди,  е од редот на оние феномени што го прават театарот во светот „една сцена“ за сите. Од праизведбата во Националниот театар во Лондон во 2012, а потоа преку поставките на лондонскиот „Вест енд“, Мексико, Израел, Јужноафриканска Република, Јапонија, Австралија (турнеја низ сите поголеми градови), њујоршкиот Бродвеј, до премиерата на крајот на минатата година на сцената на скопскиот Драмски театар, ја покажува актуелноста на темата и нејзината способност да ги „вмрежи“ мотивите за „посебниот“, „различниот“, „отфрлениот“, „исмеаниот“, „потценетиот“. Или, на кратко, за аутистичните лица.
Но, текстот на оваа драма, колку што говори за нивните потреби, толку е погласен за нивните скриени и потценети способности. Отворено кореспондира со традицијата на детективските романи (Шерлок Холмс), но и „пипкањето“ по критичните општествени невралгични точки.
Во фокусот на дејствието е 15-годишниот Кристофер Џон Френсис Бун, математички гениј, кој има неспецифично нарушување од аутистичен спектар – синдром на Аспагер –  и никогаш претходно самиот не отишол подалеку од крајот на улицата во неговото гратче Свиндон. Кристофер има неверојатна дарба за математика и помнење, но не сака да биде допиран и не сака жолта боја. И покрај тие дарби, Кристофер тешко се снаоѓа надвор од неговиот микросвет, во кој колку-толку се чувствува безбеден.
Драматизацијата на Стивенс ја заменува нарацијата во прво лице од романот, па неговиот текст е мозаик од различни видувања на Кристофер, неговата професорка, татко му, мајка му, сосетката… Кристофер (Дамјан Цветановски) го наоѓа Велингтон, кучето на соседите, убиено со градинарска вила, и сосетката, г-ѓа Шиерс (Јасмина Василева) најпрвин го обвинува него. Сакајќи да открие кој го убил кучето Велингтон, спротивно на забраната од татко му Ед (Александар Степанулески), Кристофер започнува сопствена истрага, која иако на почетокот изгледа наивна како детска игра, ќе му ги открие тајните во неговото семејство.
Иако е на прагот да го постигне неговиот најголем успех во училиштето под патронатство на менторката Шивон (Трајанка Илиева – Вељиќ), која е неговата добра вила, Кристофер упорно „душка“ наоколу како пес, и сето тоа го запишува во нотесот. Ги наоѓа писмата од неговата мајка Џуди (Емилија Мицевска Трајковиќ), за која татко му му рекол дека била болна и умрела. Но, откако бабичката од соседството, г-ѓа Александер (Соња Стамболџиоска) ќе му открие дека мајка му била во љубовна врска со Роџер Шиерс (Филип Трајковиќ), сопственикот на кучето Велингтон, и дека заминала со него, Кристофер наспроти сите внатрешни социјални кочници и стравови тргнува на пат за Лондон. Сака да ја најде мајка му и да живее со неа, но дали таа ќе најде сили за мајчинството какво што му е потребно на Кристофер? И дали покајанието на татко му за неговото дотогашно однесување е доволно за прошка од страна на Кристофер?
Оикос (oikos) е антички термин кој означува основна општествена единица, домаќинство или семејна (наследна) линија, или едноставно куќа/дом, и е како создаден за алтернативно објаснување на поставката на „Чудна случка со кучето во ноќта“: што е семејството и што значи домот? А, уште поспецифично, каков дом и средина му се потребни на аутистично лице, какво што е Кристофер?
Зоја Бузалковска (Скопје, 1971 г.),  театарска режисерка и професорка по Актерска игра и по Театарска режија на Факултетот за драмски уметности – Скопје, не ја пропуштила оваа прилика да ги спои професионалните предизвици во нејзините истражувања на режијата и актерската игра како професорка и теоретичарка.
Потрагата по тој совршен, утописки оикос во „Чудна случка со кучето во ноќта“ има речиси френетичен сценографски ритам (Константин Трпеноски), низ минималистичкото решение со десеттина правоаголни и коцкести кутии/сандаци на соголената сцена, кои постојано го градат и разградуваат микрокосмосот на Кристофер.

Стојан Синадинов – филмски критичар



На 27-ми јули во центарот за култура „Глигор Прличев”, **НУ Турскиот театар од Скопје** ја изигра театарската претстава **„Галеб”** од Антон Павлович Чехов, режирана од Нела Витошевиќ. Претстава за несреќни љубови, за нереализирани амбиции, за мазохистичката потреба човекот да го осознае страдањето, да се држи до и да ужива во него. Високо естетското сценографско решение, со модерниот сценски јазик придонесоа за доближување на театарскиот класик до сетилата на современиот човек.



За најмалата публика, на 30-ти јули на сцената на Долни Сарај беше изигран театарско-музичкиот перформанс **„Немаме резервна планета**” од страна на колективот на 5+Фамилија, **Охо Продукција** во режија на Сандра Ѓоргиева. Со спектакуларен настап на актерите владеејќи ги истовремено елементите на музика и драма, освен музичко уживање, придонесоа и за неформалното образование кај децата учејќи ги на принципите на зачувување на планетата земја



На 01-ви август фестивалот ја имаше првата имтернационална претстава со гости од Украина. На сцената на предворјето на црква „Св. Софија“ се одигра претставата **„Кротењето на опаката**” од страна на **киевскиот академски регионален музички и драмски театар “Саксагански**”. Актерката енергија и живоста на комичните реплики на Вилијам Шекспир, спакувани од страна на режисерката Викторија Шевченко причинија нескротлива бура од емоции.

**Ла Мама театарот од Њујорк** е можеби најпознатиот офф-офф-бродвеј проект кој успешно функционира уште од своето формирање пред 60-ина години. На ова издание на фестивалот, овој театар настапи на 10-ти август со претставата „**Балкан Бордело**“ по текст на Јетон Незирај, а во режија на Блерта Незирај, која е работена во **копродукција со Кендра Мултимедиа од Приштина** и **Ателје 212 од Белград** и претставува своевиден аватар на модерниот свет, шамар за балканскиот менталитет кој ја истакнува глупоста и наивноста на ерата која е изградена со национализам, насилство, нетрпеливост и омраза. Иако беше најавена да се игра во предворјето на црквата „Св. Софија“, заради лошите временски услови, беше префрлена во центарот за култура „Григор Прличев“, но, ваквата промена не влијаеше ниту на играта, ниту на добрите впечатоци на публиката од претставата.



15-ти август беше резервиран за **Македонскиот народен театар** и претставата „**Народен непријател**” од Хенрик Ибзен, а во режија на Нина Николиќ. Претставата ги преиспитува општествените приоритети и современата дилема, дали ќе дозволиме раката на капитализмот да ни ја затвори устата и да не угуши или ќе се ослободиме од неа и гласно ќе ги застапуваме идеите за општото добро. Исклучително добрата актерска игра, режисерските решенија кои мораа да се адаптираат на дадените околности придонесоа за неверојатен успех на претставата.



После десетина години, на Охридско лето гостуваше **Народниот театар од Белград** со претставата „**Војна и мир**” од Лав Николаевич Толстој, а во режија на Борис Лијешевиќ на 17-ти август на сцената Долни Сарај. Оваа претстава беше најзначајниот и најексклузивниот театарски настан, со оглед на тоа дека се работи за дело кое е последна продукција на театарот и е селектирана од речиси сите најважни европски и светски театарски фестивали. Исклучително компактна драматизација на најкомплексниот роман во историјата на книжевноста, режисерскиот јазик кој ги листаше сцените од животните фази на ликовите создаде емотивна експозија на сцената и во публиката. Претстава која е љубовна, историска, социјална, егзистенцијална, која го поддржува фактот дека војната е фатален ефект перпетуира во човештвото и влијае врз нашите животи, избори, љубови.



# „НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“: ТИШИНА, ЧАС ПО ГЛУМА, МОРАЛ И ИНТЕГРИТЕТ!

Гостувањето на претставата „Народен непријател“ од Хенрик Ибзен, во режија на Нина Николиќ, а во изведба на МНТ од Скопје на годинешното „Охридско лето“, е една од оние ретки прилики која како на дланка ви го претставува дијаграмот на општеството во актуелниот момент. Тоа што норвешкиот драматург и писател Хенрик Ибзен (Henrik Johan Ibsen, 1828 – 1906) го напишал текстот на драмата во 1882 година, пред цели 140 години, во никој случај не му одзема од актуелноста. Напротив: вистинољубивоста наспроти властољубивоста, самосвесната единка наспроти политичкиот чопор, моралниот интегритет наспроти егзистенцијалните проблеми, општествениот ангажман наспроти штетите што ги трпи семејството, саможртвата напроти конформизмот… Драмата ја следи судбината на доктор Томас Стокман (го игра Никола Ристановски), лекар во локалното бањско лечилиште, откако тој ќе утврди дека водата која ја користат населението и туристите-пациенти не само што е загадена, туку е извор за разни опасни болести. Неговиот извештај, на прв поглед, ќе наиде на воодушевување кај Ховстад, уредничка на весникот „Народен гласник“ (Сашка Димитровска) и Билинг (Александар Михајловски), соработник во весникот, кои сметаат дека д-р Стокман може да направи револуција во општеството со неговото откритие. Но, само на прв поглед… Од друга страна, братот на д-р Стокман, Петар Стокман (Благој Веселинов), градоначалник и претседател на Управниот одбор на бањата, е повеќе од костерниран од извештајот за загаденоста на водата. Смета дека градот економски и политички живнал од посетеноста на бањското лечилиште, и дека извештајот на брат му – кој предвидува дека бањата треба да биде затворена на две години и да треба да биде сменета комплетната водоводна мрежа – се вистински финансиски погром за општината, која не може да го издржи тоа. На неговата линија е и Мортен Кил (Петре Арсовски), потатко на Катарина, сопругата на Томас Стокман: тој е индустријалец со кожа и токму неговите кожари се главниот загадувач на водата во градот. Наспроти овој „надворешен“ круг, судирот на д-р Стокман со метастазираното граѓанско општество, претставено низ бањското лечилиште, исцртува и „внатрешен“ круг, во неговото семејство. Сопругата Катарина (Звездана Ангеловска) е столбот на семејството, и се обидува да лавира меѓу правдољубивоста на сопругот и егзистенцијалните потреби на семејството. Најстарата ќерка Петра (Дарја Ризова) е наставничка, и апсолутно ги споделува убедувањата на татко и во борбата против конформизмот и профитот на владејачкиот слој, па и таа ќе дојде под удар на политичките „чекани“. Како и секоја револуција, и оваа на д-р Стокман започнува со голема доза на романтичарско убедување дека општеството може – и треба! – да се промени: треба само да се пласира вистината во медиумите, и без разлика на економските штети, сите да добијат здрава и безбедна животна средина. Но, како и при секоја револуција, промените во општеството започнуваат најпрвин со оние кои се нејзини двигатели – тие треба да бидат „изедени“. „Народен непријател“ беше прогласена за најдобра претстава на годинашниот 56. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, одржан во Прилеп во мај, а претставата се закити и со наградите за најдобар актер – Никола Ристаноски, за сценографија – Вишња Вујовиќ и за рекламен материјал – Димитар Димитров.
Ибзеновиот драмски свет во режисерската поставка на Николиќ „дише“ низ минималистички транспарентната сценографија (Вишња Вујовиќ), низ која повремено се провлекуваат димни завеси како асоцијација за бањска атмосфера, додека, пак, костимите (Ивана Каранфиловска-Угуровска) ја (ре)презентираат децентноста на граѓанската класа. Во опсегот на добрите актерски вибрации се и Михајловски како Билинг, Нино Леви како Аслаксен, сопственик на печатница, Мартин Ѓоргоски како капетан Хорстер, Јана Вељановска како Ејла и Ана Арсовска како Мортине, помалите ќерки на д-р Стокман, кои ја надополнуваат сликата за едно комплетно – или, поправо, комплементарно, надополнувачко – театарско уживање.

Стојан Синадинов - филмски критичар



Театарска претстава „Народен Непријател“





СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ОХРИДСКО ЛЕТО

## ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА

# ВУЈКО ВАЊА

Затворањето на шеесет и второто издание на фестивалот „Охридско лето“ беше резервирано за **Југословенскиот драмски театар од Белград** со Чеховата **„Вујко Вања“**, режирана од Егон Савин. На сцената на Античкиот театар во Охрид се распослаа емотивните фрустрации, болката од невозвратените љубови, немоќта да се променат одлуките кои довеле до емотивно мртвило и автодеструкција. Суптилната и добра актерска игра, режисерскиот допир на едноставност и искреност придонесоа за длабок и емотивен впечаток.









# ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА НА СЦЕНИТЕ И ГЛЕДАЛИШТАТА



За реализација на фестивалските настани, беа извршени подготовки и проби на сцените, сценскиот простор и сценско-техничката опременост. Реализиравме 40 проби во музичкиот дел, 20 проби во драмскиот дел, како и технички подготовки за дополнителнта програма. Секојдневно се одвиваа активности за средување, опремување, адаптација на сцените, сценските простори, магацинските простори, просторите наменети за пресоблекувални, транспорт на сценска и опрема од поопсежен карактер, опремување и расчистување на сцените пред и по проби и настан, заштитување и чување на отворените сцени и опрема и сето тоа направено со голема посветеност и професионалност на тимот за реализација на сценско-техничкиот дел од фестивалот. „Охридско лето“ и годинава обезбеди превод на претставите од светските театарски куќи.

Во интерес за успешна реализација на годинешново фестивалско издание на „Охридско лето“ уште една успешна соработка со „Црвен крст-Охрид“, противпожарната единица и брзата помош. Безбедноста на уметниците и посетителите, како најголем приоритет, ја наметнува потребата од стручно оспособени лица за таа намена.



ПРОГРАМА ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО
**ВКУПНО ТЕРМИНИ**




## РЕАЛИЗИРАНИ ТЕРМИНИ ПО СЦЕНСКИ ПРОСТОР
ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО 2022




■ музички термини ■ драмски термини ■ дополнителна програма

# МАРКЕТИНГ




Идејно решение за рекламниот материјал е изработено од маркетинг агенцијата „Идеа плус“.
Дизајнот ја отсликува замислата да се поврзе автентичноста на локацијата со музичко-сценскиот аспект на манифестацијата покажувајќи го патот кој води до терасата на најубавата сцена, Долни Сарај. Главниот фокус во оваа креатива се скалите стилизирани како пијано, кои поминуваат низ портата и го претставуваат почетокот на едно незаборавно културно доживување.












## 1.095 ТВ СПОТОВИ

ТВ спотовите од најавен карактер
се емитуваа 1.095 пати:
240 пати на национални телевизии;
180 пати на локални телевизии;
675 пати на интернет портали.

## 1.300 ПРОПУСНИЦИ

Staff - 100 парчиња
Car Pass - 100 парчиња
Press - 100 парчиња
Artist - 1.000 парчиња

## 47.050 ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

2.000 парчиња каталози
15.000 парчиња дневни програми
10.000 парчиња џебни програми
400 неделни плакати
400 тридневни плакати
18.000 влезни билети
250 месечни плакати
1.000 лифлети со разни тематика

# ПРОДАЖБА НА ВЛЕЗНИ БИЛЕТИ ЗА ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО 2022

| | Вкупно продадени билети | Вкупно приход од продадени билети (денари) | % исполнет капацитет со продадени билети | Просечна побарана цена на билет | Просечна достигната цена на билет |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 4.300 | 3.627.518 | 27% | 761,75 ден. | 788,61 ден. |
| 2020 | 908 | 285.000 | 34% | 377,64 ден. | 313.87 ден. |
| 2021 | 2.546 | 1.161.000 | 34% | 498,95 ден | 456,05 ден. |
| 2022 | 3.769 | 2.171.100 | 26% | 731,17 ден | 576,04 ден. |




Продажбта на влезни билети ја вршеа вкупно четворица билетопродавачи, во две смени на продажните места:
- билетарница во Дирекцијата на НУ „Охридско лето“ Охрид;
- билетарница на кеј Македонија; и
- продажни пултови пред сцена пред почеток на фестивалските настани.

Набавката на билети на продажните места на НУ „Охридско лето“ Охрид, се реализираше преку директна продажба:
- во готово (со три фисклани апарати),
- со платежни кредитни и дебитни картички (прифаќање на сите картички VISA/MasterCard/Maestro) со два постерминали од АД Стопанска банка - Скопје.

Правните лица имаа можност да нарачаат билети со исплата на про-фактура.

Резервации се вршеа на:
- емаил tickets@ohridskoleto.com.mk,
- веб страница ohridskoleto.com.mk/rezerviraj-bilet/
- телефонскиот број достапен за резервации и информации за продажба

Во согласност со капацитетите на гледалиштата се вршеше координација на издадени гратиси и продадени билети.

## ВКУПЕН ПРИХОД ПО ГОДИНИ

ОД ПРОДАЖБА НА ВЛЕЗНИ БИЛЕТИ ПО ПРОДАЖНИ МЕСТА




- Билетарница во Дирекција на НУ ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид
- Билетарница на кеј Македонија
- Продажни пултови пред сцена
- Продажни места на ККЗС
- Online – kupikartizase.com

## БИЛЕТИ 2019, 2020, 2021, 2022




- вкупен број на посетители на настаните на кои влезот не е слободен, бесплатен
- вкупен број на продадени билети
- вкупен број на издадени гратис билети

### ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ПРОДАЖБАТА

Приходот од продажба на влезни билети зависи од квалитетот на програмата, популарноста на уметниците, цената на влезниците, бројот на настани, капацитетот на сцените, куповната моќ на потрошувачите, бројот на целната публиката, промоцијата, диструбуцијата на билети, временските услови, денот и часот кога се одржува настанот, истовремена реализација на конкурентни фестивали, настани. Во 2021 год. поради пандемијата  COVID-19, капацитетот на сцените беше намален за 50% но за разлика од 2020 год бројот на настани беше зголемен. Цената на влезните билети беше драстично намалена во 2020 год. и 2021 год. во споредба со 2019 год. Во 2022 година фестивалските настани се одржаа во нормални услови и забележителен е пораст на приходот од продажбата на влезници во споредба со 2020 год. и 2021 год.

# ТОП 10 ФЕСТИВАЛСКИ НАСТАНИ СО НАЈМНОГУ ПРОДАДЕНИ ВЛЕЗНИЦИ

| Датум | Настан | Сцена | Продажба |
|---|---|---|---|
| 12/07 | ЧЕТИРИ ТЕНОРИ, Италија<br>Алесандро Косентино Де Акриса - тенор<br>Федерико Сера - тенор<br>Џовани Мариа Палмиа - тенор<br>Уго Тарквини - тенор<br>Оркестар на Националната опера и балет на Р.С.Македонија<br>Диригент: Лоренцо Бицари, Италија | Антички театар | Билети: 307<br>50% од капацитет<br>Цена на билет: 1.000/2.000<br>Приход: 370.000 |
| 30/07 | „Немаме резервна планета“<br>5+ Фамилија<br>ОХО продукција, Р.С.Македонија | Долни Сарај | Билети: 294<br>38% од капацитет<br>Цена на билет:200 (слободен влез за деца)<br>Приход: 29.400 |
| 04/08 | „ЛУКСУРИА“<br>Фламенко балет - Барселона, Шпанија | Антички театар | Билети: 287<br>23% од капацитет<br>Цена на билет: 1.000/1.500<br>Приход: 327.500 |
| 20/08 | Театарска претстава<br>„Вујко Вања“ од Антон Павлович Чехов<br>Режија: Егон Савин<br>Продукција: Југословенски драмски театар - Белград, Србија | Антички театар | Билети: 221<br>20% од капацитет<br>Цена на билет: 800<br>Приход: 176.800 |
| 22/07 | Стефан Миленковиќ - виолина, Србија<br>„Камерата Нови Сад“, Србија<br>„Кармина Бурана“ | Долни Сарај | Билети: 218<br>28% од капацитет<br>Цена на билет: 1.000<br>Приход: 218.000 |

| Датум | Настан | Сцена | Продажба |
|---|---|---|---|
| 17/08 | Театарска претстава<br>„Војна и мир“ од Лав Николаевич Толстој<br>Режија: Борис Лијешевиќ<br>Продукција: Народен театар, Белград, Србија | Долни Сарај | Билети: 207<br>51% од капацитет<br>Цена на билет: 500<br>Приход: 103.500 |
| 13/07 | Премиера на театарската претстава<br>„Секс, лаги и љубомора“ од Марк Камолети<br>Режија: Коле Ангеловски<br>Продукција: Н.У. Центар за култура „Григор Прличев“ - Охрид и Народен театар Охрид, Р.С.Македонија | Центар за култура „Григор Прличев“ мала сцена | Билети: 91<br>51% од капацитет<br>Цена на билет: 300<br>Приход: 27.300 |
| 28/07 | МММ - Музичка младина на Македонија<br>Концерт на Камерниот оркестар на МММ „Саша Николовски Ѓумар“<br>Диригент: Борјан Цанев | Црква Св.Софија | Билети: 92<br>73% од капацитет<br>Цена на билет: 300<br>Приход: 27.600 |
| 15/07 | „НОВ ЗДИВ“<br>Камерен оркестар на Македонска филхармонија<br>Диригент: Паскал Галоа, Францијаа | Црква Св.Софија | Билети:  88<br>63% од капацитет<br>Цена на билет: 300<br>Приход: 26.400 |
| 16/07 | Театарска претстава<br>„Демони“ од Ларс Норен<br>Режија: Васил Христов<br>Изведба: НУ Народен театар - Битола, Р.С.Македонија | Центар за култура „Григор Прличев“- | Билети: 85<br>63% од капацитет<br>Цена на билет: 300<br>Приход: 25.500 |

# ПУБЛИКА НА ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО 2022

**Музичко-сценската манифестација „Охридско лето“ е наш прозорец кон светот и за светот.** Интернационален фестивал со публика од: Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Унгарија, Словенија, Албанија, Грција, Турција, Романија, Холандија, Австрија, Чешка, Полска, Германија, Белгија, Франција, Шпанија, Италија, Данска, Шведска, Англија, Америка, Канада, Австралија, Нов Зеланд и др.




- домашни и странски посетители
- посетители кои се во туристичка посета на Охрид или посетители кои специјално доаѓаат во Охрид за фестивалот
- различна возраст од 5 до 80 години
- публика фокусирана според видот на настаните
- млади уметници - студенти
- редовни посетители, љубители на фестивалот
- протоколарни гости, спонзори, помагатели

Над 10.000 посетители беа дел од гледалиштата на шеесет и второто издание на фестивалот и околу 1.000 уметници на фестивалската сцена од 27 земји.
















**Подготовки за прес-конференции.** Со оглед на значењето на оваа реномирана манифестација, беа организирани околу 10 прес-конференции за драмскиот и музичкиот дел од програмата. Претходно, според одредена анализа се правеше динамиката и планот на одржувањето на прес-конференциите кои се одржаа во хотелите каде престојуваа уметниците, кафетериите кои се помагатели на фестивалот но и на сцените каде се што одржуваа настаните. Како дел од подготовките на конференцијата за печат, следеа низа активности, договарањата со учесниците, колку уметници ќе бидат дел од пресот, местото на одржување, време итн.

**Воспоставување добра соработка со медиумите**. Ваквиот пристап резултира со позитивни написи како во печатените така и во електронските медиуми. Воведувањето на системот на двонасочна комуникација со медиумите преку испраќање на соопштенија за јавноста и одговарање на сите поставени прашања испратени до институцијата во целост ја смени сликата на оваа установа во очите на медиумите. Секојдневно се пласираа информации, најави за настаните кои следат, прилози за веќе одржаните концерти и театарски претстави, интервјуа и сл. Во интерес на создавање висок професионализам воведен е систем на еднакво информирање а одредени ексклузивни информации и интервјуа се планираат според читаноста односно гледаноста на медиумот

**Лобирање за објавување на теми поврзани со фестивалот, договарања на интервјуа, радиски и телевизиски гостувања** кои претежно беа преку интернет врска. Во текот на периодот на фестивалот се реализираат повеќе интервјуа на познати уметници, учесници на фестивалот и гостувања во радио и телевизиски емисии на учесниците, селекторите и раководството на НУ ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид.

**Подготовка на сценарија за настан, изјави, соопштенија, покани, говори, рекламни пораки, подготовка на говори за позначајните настани.** Секогаш поаѓајќи од правилото да се пласира приказна интересна на медиумите која ќе предизвика интерес кај јавноста но со точни и релевантни податоци, ваквите материјали се подготвуваат со строго утврден план кога и како ќе се организира настанот, што и на кој начин ќе се пласира информацијата, каде и која публика е нашата целна група.

## благодарност до медиумските спонзори

**Медиумско спонзорство**. Годинава на рекламниот материјал на „Охридско лето“ се најдоја 39 медиумски спонзори кои целосно ја покриваа програмата но и нè рекламираа во својот медиумски простор. Значајно е што меѓу нив се најзначајните телевизии МРТ, Сител, Алфа, 24 Вести, Канал5 сите печатени дневни весници и македонската информативна агенција МИА.

**Подготовка и средување на архива на прилози**. Секојдневно во текот на работниот процес се прибираа материјалите со објавените текстови во печатените медиуми кои на крајот, по завршување на фестивалската програма, се архивираат во установата. Со тоа во текот на идните изданија се има преглед што и кога е објавено.

**Press clipping.** Архива на сите објавени текстови од електронските медиуми се правеше секојдневно и целокупниот објавен материјал е сочуван заедно со линковите на објавите. На тој начин во секое време може да се отвори оргиналот на текстот со податоци кога е објавен и од кој автор.






Односите со јавност се сегмент од суштествено значење затоа што овозможуваат да се проектира имиџот на Установата кај својата „јавност“ - бизнис заедницата, медиумите, граѓаните, вработените, домашните и меѓународни културни институции, агенции и организации, поддржувачи, љубителите на уметноста и публиката.

Националната установа „Охридско лето“ како реномирана културна установа која во својата дејност ја има организацијата на најпрестижната манифестација, фестивал „Охридско лето“, за остварување на своите приоритети и цели е посветена и во функција на јавноста. Со максималнопочитување на принципите на отвореност во информирањето се обезбедува успешна двонасочна комуникација. Секторот за односи со јавност годинава во целост ја реализира планираната програма за годинешното 62-ро издание на фестивалот „Охридско Лето“. Со тоа во целост се оствариja зацртаните цели за воспоставување и одржување на доброто име и меѓусебното разбирање помеѓу фестивалот и јавноста како во периодот на реализација на фестивалот така и претходно, во подготвителниот период.

**Градење на имиџот на Установата.** Навремено доставување на информации до новинарите со што тие се стекнуваа со доверба која во голема мера помага во нивната намера, каков текст ќе напишат. Водени од начелото - преку секторот за односи со јавност да се проектира имиџот на Установата - се создаде посакуваната слика, мислење за институцијата и за нејзините активности се во улога на создавање на интерес кај јавноста за институцијата и нејзиното работење.

**Секојдневно пласирање на информации за активностите на фестивалот.**
Во текот на 43-те фестивалски денови на веб страната се поставија околу 200 наслови. Секојдневно после полноќ читателите имаа можност да се информираат за настанот кој следи но и да прочитаат впечатоци од концертот театарската претстава веднаш по нивното завршување. Исто така редовно се поставуваа и прилози, според изборот кој претходно се правеше, и од објавите во медиумите. Во делот кој посебно го издвоивме како препорака се промовираа нашите спонзори, драги пријатели на фестивалот и сите активности поврзани со нив. На тој начин нашите спонзори имаат прилика да се промовираат пред нашата читателска публика и да ги промовираат своите активности.









**www.ohridskoleto.com.mk**

Нова веб страница на Националната установа „Охридско лето“ - Охрид, создадена од професионалниот тим на интернет-провајдерот УНЕТ во соработка со вработените на „Охридско лето“- решение кое ги задоволува потребите на установата, но притоа ги следи светските трендови во технологијата и дизајнот.

# Facebook

- Во 2022, на дополнителни 799 корисници на Facebook им се допаѓа страната OHRID SUMMER FESTIVAL -ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО и има дополнителни следбеници – вкупно 10.965 на 31.12.2022)
- Во однос на **публиката**, 67,5 % од нашите фанови се жени, 32,5% се мажи. 3% од нив се на возраст од 18-24, 27% од нив се на возраст помеѓу 25-34, 36% од нив се на возраст помеѓу 35-44, 22% од нив се на возраст од 45-54, 8% се на возраст од 55-64, 4% на возраст од 65+.
- Во однос на **локацијата,** фановите доаѓаат од следните држави и градови (приказ на првите 10)

| Држава | Фанови | Град | Фанови |
|---|---|---|---|
| Македонија | 70.3% | Скопје | 32.5% |
| Србија | 4.9% | Охрид | 20.3% |
| Германија | 3% | Битола | 3% |
| Америка | 2.1% | Белград/Србија | 2.4% |
| Австралија | 1.7% | Струга | 2.3% |
| Словенија | 1.4% | Прилеп | 1.6% |
| Италија | 1.2% | Тетово | 1.1% |
| Бугарија | 1.1% | Кавадарци | 0.9% |
| Холандија | 1% | Куманово | 0.9% |
| Швајцарија | 0.9% | Штип | 0.9% |

- Во 2022, вкупно 18.851 корисници ја посетиле страната OHRID SUMMER FESTIVAL -ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО
- Во 2022, вкупно 115.755 корисници ја виделе содржината објавувана од страната OHRID SUMMER FESTIVAL -ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО

## Top 5 објави

| Date | Post | Type | Reach |
|---|---|---|---|
| 06/06 | Врвни италијански тенори ќе го отворат 62-то „Охридско лето“ | post | Reach: 10.919<br>Reactions: 224 |
| 12/07 | Gala opening @thefouritaliantenors #ohridsummerfestival #ohrid | photo | Reach: 10.469<br>Reactions: 424 |
| 04/08 | Роденденски концерт „Луксурија“ | photo | Reach: 6.106<br>Reactions: 307 |
| 04/07 | Грандиозен концерт на светски познатите тенори од Италија | video | Reach: 5.794<br>Reactions: 343 |
| 16/12 | Поповиќ: „Нашата заложба е да ја прошириме програмата во текот на целата година | post | Reach: 5.727<br>Reactions: 92 |




## ПАРТНЕРИ НА 62. ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО

Заедно со нашите поддржувачи - генералниот спонзор Македонски Телеком АД, есклузивните спонзори, главните спознори, спонзорите, помагателите и медиумските спонзори градиме високи уметнички достчели според европските и светските стандарди. Нашиот заеднички приоритет е фестивалот да го задржи епитетот на високо реномиран европски фестивал, негувајќи ја традицијата со реализација на успешно издание на фестивалот и оваа година. **Благодарност што ни помогнавте да го направиме успехот возможен.**


































## Генерален спонзор

## Ексклузивни спонзори

## Главни спонзори

## Спонзори

## Помагатели

Покровител на 62-рото издание на фестивалот „Охридско лето“ е Претседателот на Р.С.Македонија.
62-рото издание на фестивалот „Охридско лето“ е проект од национален интерес во културата за 2022 година од областа на музичка и музичко-сценската дејност, главно финансиран од Влада на Р.С.Македонија-Министерство за култура на Р.С.Македонија





# РАЗВОЈ НА **КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ**

„Охридско лето“ значи традиција, култура, исконско гостопримство на луѓето од сите земји во светот, значаен амбасадор и афирматор и на македонската култура, промотер на културното наследство, како репрезентативен културен сегмент на најдоброто од нашата земја. Фестивал придонесува кон развој на туризмот, како во поглед на бројот на гостите кои пристигнуваат во Охрид, така и по квалитетот на културната програма која им се нуди на туристите. *„За прв пат сум во Охрид, прекрасно е. Многу ми е драго што имавме ваква можност, гостувајќи на фестивалот, да имаме и прошетка со туристички водич, да се запознаеме со културата и историјата.“* актерка Маргарита Овчарова

*„Благодарен  сум на фестивалот Охридско лето за оваа прилика да ги запознам уникатните вредности на убавиот град. Многу ми е жал што немаме повеќе време да останеме тука подолго, но сигурно ќе дојдеме повторно“* актер Владислав Красиков

Уметниците на фестивалот „Охридско лето“ имаа прилика да ја слушнат историјата за древниот Охрид, да се запознаат со историското значење на сцените и да понесат незаборавни спомени. Прошетаа по културно-историските споменици со професионален туристички водич. Слушнаа за средновековните цркви, за старата градска архитектура, се вратија во римско време на Античкиот театар, прошетаа по старата калдрма, каде секое камче раскажува вековна приказна. Дел од уметниците се запознаа со производителите на брендираните охридски производи бисери, филигран и кожа. Направивме спој на културата и туризмот со што на уметниците им ги доближавме значајните културно-историски места.



Националната установа „Охридско лето“ во својата основна дејност ја има организацијата и реализацијата на меѓународниот музичко-сценски фестивал „Охридско лето“, што се одржува во Охрид, секоја година во традиционалниот термин од 12 јули до 20 август. Фестивалот „Охридско лето“ е специфичен и посебен, препознатлив и единствен на нашите простори, како и еден од најистакнатите културни настани во Европа кој го промовира духовниот и културен центар Охрид. НУ „Охридско лето“ Охрид, покрај организација на фестивалот има за цел да обезбеди и овозможи професионални услуги и најсовремени услови за подготовка, организација и реализација за презентирање на културните вредности во сите облици, развој на културниот туризам, не само во летните месеци, туку во текот на целата година.
Манифестацијата „Охридско лето“ е создадена како резултат на сознанието за потребата од продолжување на културната традиција на градот на првата словенска култура и писменост. Древниот Охрид, како милениумски центар на клучни цивилизациски настани на Балканот, особено привлечен за македонските творци со своите многубројни културно – историски споменици и природни убавини претставува идеален амбиент за одржување на сценско-уметнички манифестации. Повеќе години Охрид претставува културен центар со своите сценски простори: црква Света Софија, Предворје на Света Софија, Долни Сарај, Антички театар, Дом на култура „Григор Прличев“, Предворје на ОУ „Св.Климент Охридски“, Залив на коските“ - Градиште, Самоилова тврдина, Предворје на Св.Пантелејмон (Имарет), Сараиште, Предворје на манастир Св.Наум, Изворите на Св.Наум, Градски плоштад, Парк во Горица, Билјанини извори, Плаошник и други простори во кој се одржуваат музички и драмски настани на високо уметничко ниво, како резултат на ангажирање на најеминентни имиња на македонската и светската уметност. Организирана за прв пат во 1961 година оваа манифестација обезбедува континуирано културен и уметнички живот и од година во година се здобива со се поголема афирмација во земјата и во странство.

# МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ - ФЕСТИВАЛОТ „ОХРИДСКО ЛЕТО“ ЧЛЕН НА ЕВРОПСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛИ



Високи претставници на Европската Асоцијација на Фестивали (ЕФА) предводени од претседателот на асоцијацијата Јан Бриерс, генералната секретарка Кетрин Девентер и Томас Хумел, член на Бордот на директори на 11-ти јули во Охрид одржаа конференциска средба на членовите на Бордот на директори на Асоцијацијата. На конференциската средба се дискутираше за новите пристапи за организирање на фестивалите после ковид периодот, како и за подготовката на Уметничкиот Самит и Генералното собрание на Европската Асоцијација на Фестивали што се одржа во Ереван, Ерменија во септември годинава. Тема на дневен ред на оваа средба беше и зајакнувањето на соработката помеѓу фестивалите, посебно во Југоисточна Европа и Турција, и поддршката на уметниците и нивната потесна соработка и настап на фестивалите.

Претставниците на ЕФА присуствуваа на свеченото отворање на шеесет и второто издание на фестивалот „Охридско лето“ што се одржа на 12-ти јули на Античкиот театар со четирите врвни италијански тенори Алесандро Косентино Де Акриса, Федерико Сера, Џовани Мариа Палмиа и Уго Тарквини.

На online 70-тото Генерално собрание на Европската Асоцијација на Фестивали, кое се одржа на 2 мај 2022 година, на кој online учество имаа 68 членови на 42 организации, учествуваше и д-р Субија Изериоски, стручен соработник за музичко-сценска дејност, претставник на фестивалот „Охридско лето“.
ЕФА асоцијацијата вклучува над сто фестивали од четириесет земји. Фестивалот „Охридско лето“ е значаен партнер на Европска Асоцијација на Фестивали. Како нејзин член од 1994 година, овој фестивал секогаш давал голем придонес кон мисијата на ЕФА и нејзините проекти.



Томас Хумел, Јан Бриерс, Наташа Поповиќ и Кетрин Девентер

member of EFA EUROPEAN FESTIVALS ASSOCIATION

www.efa-aef.eu/en/

# НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА „ОХРИДСКО ЛЕТО“ ОХРИД

Во организација на Националната установа „Охридско лето“  Охрид на 15-ти декември во фоајето на Национална опера и балет во Скопје се одржа концерт на светски познатиот германски квартет „Диогенес“, младите виртуози на класичната музика, Стефан Кирпал и Гундула Кирпал на виолина, Алба Гонзалес и Бецера на виола и Стивен Ристау на виолончело со специјално одбрана програма на дела од Јозеф Хајдн, Ервин Шулхоф и Јоханес Брамс.




Министерката за култура на Република Северна Македонија, Бисера Костадиновска-Стојчевска во своето обраќање пред почетокот на концертот забележа дека „Охридското лето“ не познава годишни времиња, туку е фестивал кој надминува какви било врамувања. Едноставно, ова е фестивал кој во себе ја има длабоката суштина на уметноста со што стана еден од најпрепознатливите брендови на земјава, во регионот и во Европа. „Охридското лето“ својата мисија на пријателски мост со светот ја шири и со овој празничен концерт. Сите фестивалски вечери на оваа институција, се празник, но оваа вечер, пред Нова Година носи посебна свеченост и грижа за публиката. Фестивалот ни порачува дека врските кои културата ги гради се нераскинливи и трајни, и дека уметноста го облагородува животот и ги обединува луѓето, што е особено важно во време на празници. „Охридското лето“ ја покажува својата големина испишувајќи ја својата приказна во текот на целата година, најавувајќи нови копродукции и настани во рамки на иницијативата Отворен Балкан, и како членка на Европската асоцијација на фестивали.



„Нашата заложба е програмата на установата да ја прошириме и надвор од од 12 јули до 20 август, и тоа успешно го правиме изминативе години. Горда сум што сега за првпат успеавме да реализираме новогодишен концерт со што потврдуваме дека сме скалило погоре во негувањето и презентирањето на врвната уметност. Тоа е единствениот начин со кој ја оправдуваме водечката улога за обезбедување и презентирање на културните вредности.“ - м-р Наташа Поповиќ, директорка на НУ „Охридско лето“ Охрид.

Новогодишниот концерт  се реализира со поддршка од Гете институтот од Скопје.

**УПРАВЕН ОДБОР**

Надица Стојаноска
Претседател на Управен Одбор
Лилјана Ставреска
Член на Управен одбор,
претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата
Лејла Гогова
Член на Управен одбор од локална самоуправа
Катарина Митреска
Член на Управен одбор, претставник од вработените
д-р Субија Изеироски
Член на Управен одбор, претставник од вработените

**ДИРЕКТОР**

м-р Наташа Поповиќ

**ПРОГРАМСКИ СЕЛЕКТОРИ**

м-р Бисера Чадловска Музички селектор
Сања Арсовска Драмски селектор

**ВРАБОТЕНИ**

м-р Анита Алоска Советник технички секретар
Љупка Косаркоска Советник за административни општи и правни работи
Соња Матлијоски Соработник за администратвини општи и правни работи
Анита Маневска Помлад соработник за технички секретар
м-р Христина Стефаноска Помлад соработник за човечки ресурси
д-р Субија Изеироски Стручен соработник за музичко-сценска дејност
Катарина Митреска Стручен соработник за програма и меѓународна соработка
Марија Краљевска Лекоска Стручен соработник-организатор на културен туризам
Зорица Ставрески Друг соработник во културата-соработник за програма
Љубица Секулоска Друг соработник во културата-соработник за програма
Стевчо Ристески Советник за маркетинг
Сузана Вренцовска Советник за односи со јавност
Игор Настевски Соработник за спонзорства и донации
Владимир Зороски Соработник за продажба и веб продажба
Александра Ристоска Соработник за продажба и веб продажба
Никола Петрески Помлад соработник за информатички работи
Соња Кордоска Билетопродавач
Марјан Сиљаноски Возач
Ленче Џулеска Друг работник за одржување на објектите
Гоце Наумоски Домаќин


Црква „Св.Софија“ Охрид



**НУ ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид**
ул. Партизанска бр. 4, 6 000 Охрид, Р.С. Македонија
тел. +389 (0)46 261 304, +389 (0)46 262 304
contact@ohridskoleto.com.mk
**www.ohridskoleto.com.mk**

**ИЗРАБОТИЛ:** м-р Христина Стефаноска

**Фотографии:** Заштитен знак на НУ Охридско лето Охрид од Нико Този (лого стр.1), Ликовно обележје на „Охридско лето“ креирано од Димитар Кондовски (стр.64), Enigma Solution, ДООЕЛ Штип (стр.1, стр.2, стр.11), Мега Продукција Џоле ДООЕЛ Охрид,

Март 2023

Република Северна Македонија
Министерство за култура